## Превентивни мерки – цели 2025 / 2026 година

**Во согласност со Упатството од страна на ФЗОРСМ за начинот на извршување на превентивните мерки и активности - цели, во системот на *Prima MEDICA* се имплементирани истите за 2025 и 2026 година.**

Планирањето на целите продолжува да се изведува преку постоечката функционалност: **Пресметка → Цели → Планирани цели**. За креирање на годишен план на цели, потребно е да се користи копчето **„Планирај годишни цели“**.

При иницирање на оваа акција, системот автоматски врши проверка за секој осигуреник поединечно:

- Дали пациентот има активна пријава кај избраниот матичен лекар;
- Дали припаѓа на соодветната старосна група;
- Дали има активно здравствено осигурување.

Поради овие проверки, процесот на креирање на годишниот план за цели може да трае подолго од вообичаено.




Напомена: Според новите промени, потребен предуслов за креирање на планот за цели е да е направена автентикација со мој термин.

Напомена: Пациентите кои што немаат активно здравствено осигурување, не влегуваат во планот за цели.

Напомена: Планот за цели за тековната 2025 година е од 01.04.2025 до 31.12.2025. Откако е завршена акцијата за планирање на цели, во вториот дел од прозорецот се прикажува новиот план.



Програма

| Прог. | Цел | | Опис на активноста | Број |
|---|---|---|---|---|
| Програма : Превентивни мерки - цели | | | | |
| 70 | 6 | Едукативни предавања | Едукативни предавања на родители/старатели на деца од 0 до 12 години | 3 |
| 70 | 4 | Превенција и рано откри | Превенција и рано откривање на деформитети на 'рбетен столб на популација од 6 до 14 години | 13 |
| 70 | 5 | Превенција и рано откри | Превенција и рано откривање на крипторхизам на машка популација од 1 до 4 години | 0 |
| 70 | 1 | Превенција и рано откри | Превенција и рано откривање на рак на простата на машка популација над 45 годишна возраст | 72 |
| 70 | 2 | Превенција и рано рано с | Превенција и рано откривање на рак на дебело цревo на популација од 50 до 75 години | 60 |
| 70 | 3 | Превенција на ментално : | Превенција на ментално здравје на популација од 18 до 35 години | 150 |

Доколку сакате да ги проверите пациентите на кои што може да им се реализира цел, се селектира превентивната мерка и со двоен клик на истата се отвора список со пациенти на кои што можете да им реализирате цел.



**Пациентите кои се вклучени во планот за цел „Превенција и рано откривање на рак на дебело црево“ за популацијата на возраст од 50 до 75 години, може да бидат исклучени од планот доколку за нив не е потребно реализирање на превентивната цел.**

Постапката за исклучување е следна:

1. Селектирајте ја превентивната цел.
2. Со двоен клик отворете го списокот на осигуреници за кои е планирано реализирање на целта.
3. Селектирајте го пациентот што треба да се исклучи.
4. Кликнете на копчето **„Исклучи паци. план“**.
5. Ќе се отвори нов прозорец во кој треба:
    - Да внесете **датум**.
    - Да запишете **забелешка** за причината за исклучување.
6. На крај кликнете на копчето **„Запиши“** за да ја потврдите промената.



Вториот начин на исклучување на пациентите од планот за цели е преку картотека. Го избираме соодветниот пациент за кој е потребно да се направи исклучување на цели од план, се избира **Останати евиденции – Исклучот од реализирање на цели**.




Се отвора нова форма во која што се прави избор на превентивна цел за кој што пациентот треба да биде исклучен. Откако ќе се направи соодветниот избор се клика на копчето **Запиши**.



Напомена: Во оваа форма може да се направи исклучување на превентивна цел за Рак на простата и Рак на дебело црево.

Напомена: Пациентите што се исклучени од планот немаат можност за реализација на превентивна цел и креирање на покани за цели.

Пациентите на кои што може да им се реализира превентивна цел за Рак на дебело црево најпрво потребно е да пополнат **прашалник на Мој Термин**, а потоа лекарот да ја означи целта дека е реализирана.

За овој вид на превентивна цел не постои можност за печатење на образец.




**Согласно новите законски измени за реализација на превентивните цели, постои можност пациентот или родителот/старателот на пациентот да потпише изјава со која се откажува од реализација на целта.**

Постапката за креирање на изјава за согласност се изведува преку модулот:
**Пресметка → Цели → Евиденција на покани за цели**.

Постапка:

1. Изберете го соодветниот лекар.

2. Во долниот дел од прозорецот ќе се прикажат сите пациенти за кои може:
   - Да се креира покана за цели, или
   - Да се креира изјава за согласност (за откажување од целта).
3. За креирање изјава за согласност:
   - Селектирајте го пациентот.
   - За изјава **од пациентот** кликнете на копчето **„Изјава на пациент“** — пациентот ќе се префрли во првиот панел.
   - За изјава **од родител/старател**:
     - Селектирајте го пациентот.
     - Кликнете на копчето **„Изјава на родител/старател“**.
     - Ќе се активира полето за внес на податоци за родителот или старателот.
4. За креирање на покана за пациенти:
   - Селектирајте го пациентот.
   - Пополнете го полето **Датум на покана**.
   - Кликнете на копчето **„Креирај покана за назначените пациенти“**.




Пациентите на кои што им е креирана покана или изјава можете да ги разликувате така што во колоната **Пок(1)/Изјв(2)** пациентите со креирана покана се со шифра 1, а пациентите на кои што им е креирана изјава се со шифра 2.




Пациентите на кои што им е креирана покана или им е креирана изјава, во прегледот се разликуваат така што во превентивни цели се обележани со поединечна боја.




Поканети пациенти




Пациенти со креирана изјава

## *Промени во тромесечните цели – контрола при издавање на упати*

Со последните измени, воведена е дополнителна контрола при креирање на упати за пациенти во рамки на тромесечните цели.

При креирање на упат од тип:

- **Специјалистички**
- **Лабораториски**
- **Радиодијагностички**

потребно е задолжително да се избере полето **Причина за закажување**.

Важно:

- Доколку при изборот се селектира **„Хронична терапија“** или **„Боледување“**, таквиот креиран упат **нема да се брои** како реализирана тромесечна цел во системот.




**Преглед на активности за постигнување на определени цели кај избраниот лекар**
**за 2 тромесечје 2025 година**

**Име и презиме на избран лекар :**

**Факсимил :**

| | Опис на цел | Опис на активности | Планирани цели | Реализирани цели | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1. Рецепти | Рационално користење и пропишување на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот | 0 | 0 | 100,00 |
| 2 | 1. Упати | Рационално упатување на повисоко ниво на здравствена заштита според податоците за дозволен број упати според старосна структура на осигурениците | 1673 | 1 | 100,00 |
| 3 | 1. Боледувања | Рационално и оправдано препишување на боледување според дозволениот број на упатување на боледување според старосна структура на осигурениците | 89 | 3 | 100,00 |